20101222433

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 б), член 54 став 1 точка 5 и 7 и член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010“), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 13.08.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА-АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010, 92/2010 и 105/2010), во членот 2 кај општите пакети на здравствени услуги се врши измена и дополнување на следните пакети на завршени епизоди на лекување:

“Здравствени услуги интерна медицина се менува и гласи:

Шифра	Назив на здравствена услуга	Референтна цена
АИМ19	ЕХО на абдомен	500

Здравствени услуги интерна медицина - се бришат:

Шифра	Назив на здравствена услуга	Референтна цена
АИМ25	Сонокомплекс на уринарен тракт/Ехотимографија на уринарен тракт	500

Здравствени услуги интерна медицина се менува и гласи:

Шифра	Назив на сервисна услуга	Референтна цена
АИМ18	Бронхоскопија со биопсија	2.700

Пакети за дополнување на основните пакети на медикаментозна терапија со специфични лекови гласи:

Шифра	Назив на специјалистичка услуга	Референтна цена
АСКМТ1	Медикаментозна терапија 1 – Специфични лекови	од 1.501 до 2.500
АСКМТ2	Медикаментозна терапија 2 – Специфични лекови	од 2.501 до 4.500
АСКМТ3	Медикаментозна терапија 3 – Специфични лекови	од 4.501 до 7.500
АСКМТ4	Медикаментозна терапија 4 – Специфични лекови	Над 7.501

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

Пакетот за дополнување на основните пакети на медикаментозна терапија со специфични лекови, ќе се применува од 1.10.2010 година.

Бр. 02-11067/9
13 август 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.